Министерство за здравство

Во врска со појавата на епидемија на морбили како и на повеќе меѓусебно поврзани случаи на морбили во повеќе градови во Република Македонија , Министерот за здравство врз основа на член 57 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Службен весник на РМ бр.66/04), и согласно препораките на Комисијата за заразни болести при Министерство за здравство донесени на ден 04.04.2011 година, ја донесува следната

Бр. 08-4387/1
08-04-2011 година

Скопје

Министерство за здравство

50-та Дивизија 6.6,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk

## НАРЕДБА

1. Вакциналните пунктови кои имаат најмалку два превентивни тима да работат во две смени еднаш неделно (секоја среда).

2. Вакциналните пунктови каде има повеќе од два превентивни тима, да организираат двосменско работење со еден тим во втора смена, во текот на целата работна недела.

3. Здравствените работници, вработени во примарната здравствена заштита: ординации по општа медицина , превентивни тимови, патронажни сестри, итна медицинска помош, како и здравствени работници вработени во стационарните здравствени установи како иинфективни одделенија и педијатриски одделенија потребно е да се вакцинираат со МРП вакцина , поради зголемениот ризик на изложеноста на вирусот на морбили и опасноста од ширење на заболувањето.

Наредбата стапува во сила веднаш

Подготвил:
Д-р Сузана Маневска
Одобрил:
Прим.д-р Јованка Костовска

МИНИСТЕР
D-r Bujar OSMANI

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ